УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ
Бр. 08 – 6/142 од 21.12. 2023 година

Врз основа на член 110, член 173, член 174 и член 175 став 6 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.82/2018), член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје ( Универзитетски гласник бр. 411/2018) и Реферaтот објавен во Билтенот на Универзитетот бр. 1296 од 1.12.2023 година, Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет на 48. седница одржана на 21.12.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за повторен избор во соработничко звање асистент**

I. Се прифаќа предлогот од Рецензентската комисија даден во Рефератот објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр.1296 од 1.12.2023 година, за повторен избор на м-р Марија Петрова во соработничко звање – асистент од научната област архитектонски конструкции (20112), на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

II. **М-р Марија Петрова** повторно се избира во соработничко звање асистент од научната област архитектонски конструкции (20112), на Институтот за високоградба при Архитектонскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

III. Избраниот асистент заснова работен однос за времето за кое е избран.

IV. Составен дел на одлуката е Рефератот на Рецензентската комисија објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, бр. 1296 од 1.12.2023 година.

V. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Д е к а н,

Проф. д-р Огнен Марина

Доставено до
- Архивата
- Именуваната
- Сметководство
- Човечки ресурси